

## ЛОВОТ Е ПОМАЛКУ СУРОВ ОД ИНДУСТРИСКИТЕ ФАРМИ

Да, ама и Џек Мевосек бил помалку суров од Хитлер, па тоа не го прави добар дечко! Вистина е дека убивањето животни во дивината помалку сурово од месеците тортура низ која минуваат животните на фармата. Без обѕир на тоа, ловот, како и фармското одгледување, внесува раздор во природно создадените животински фамилии, причинува бол и патење, како на жртвите, така и на преживеаните. Зошто тогаш да причинуваме патење кога тоа навистина не е потребно?

## ДАЛИ Е ВО РЕД АКО ГО ИЗЕДАМ ОНА ШТО ЌЕ ГО УБИЈАМ?

Она што се случува со телото после убиството не го намалува патењето на жртвата. Впрочем, ловците ги рануваат животните, и оние кои нема да ги убијат ги носат по домовите. Животните кои нема да умрат веднаш, патат од тешки повреди. Стресот кој ловот го наметнува на животните - врева, страв, непрекинати потери, сериозно ја загрозува нивната можност адекватно да се хранат и создаваат залихи за преживување во зимски услови. Ловот исто така ја попречува миграцијата и хибернацијата на животните. За животните како што се волците, кои имаат еден партнер за цел живот и цврсто поврзани фамилии, ловот може сериозно да ја загрози целата заедница.